# МЕСЕЧЕН ПРЕГЛЕД

## Ноември 2016 година

**Следење на владеењето за раст во областа на правдата од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 (JuDGMeNT)**

Месечниот преглед се објавува во рамките на проектот „Следење на владеењето за раст во областа на правдата од Стратегијата за ЈИЕ 2020 (JuDGMeNT)", што го спроведува Институтот за европска политика, со финансиска поддршка од Регионалниот совет за соработка. Главна цел на проектот е воспоставување на структуриран механизам од граѓански организации за следење на исполнувањето на мерките/инструментите/приоритетите од димензијата *Правда*, согласно Стратегијата за ЈИЕ 2020. Овие мерки се:

П.1. Подобрување на ефикасноста и компетентноста: преглед на квалитетот, ефикасноста и компетентноста на судиите и судовите;

П.2. Подобрување на судската соработка во слободен пристап до информации, спроведување прекугранични извршувања и прекугранична постапка во стечај, преземања и спојувања;

П.3. Поддршка на алтернативното решавање на спорови (АРС): Воведување или подобрување на законската рамка за АРС и овозможување на соодветна правна и институционална соработка со судскиот систем и системот за спроведување.

Повеќе информации за проектот се достапни на следниот линк:
http://www.epi.org.mk/newsDetail_mk.php?nwsid=131

# Квалитет, компетентност и ефикасност на судиите и судството

## Академија за судии и јавни обвинители

Сé уште нема информации во врска со отпочнувањето на наставата на шестата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", што се должи на постапките кои се водат пред Управниот и Вишиот управен суд, а во врска со изборот на слушатели на почетна обука.

Инаку, во текот на месец ноември, Академијата го одбележа своето 10 годишно постоење за која цел беа организирани 10 дневни активности, односно дополнителни обуки на редовно предвидените.[1]

Академијата за судии и јавни обвинители спроведе обука на тема: „Докажување согласно новиот Закон за кривична постапка - Хрватски искуства", наменета за претставници од Советот на јавни обвинители, Судскиот Совет, судии од кривичните оддели и јавни обвинители од апелационите подрачја Гостивар и Скопје, претставници од Министерството за правда на Република Македонија и адвокати.

[1] http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/---10---ee--ae-------



Проектот се спроведува со финансиска поддршка од Регионалниот совет за соработка во рамките на спроведувањето на Стратегијата за ЈИЕ 2020.
Ставовите наведени во овој документ не треба да се подразберат како одраз на официјалните ставови на Регионалниот совет за соработка.
+3892 3 280 110 ; contact@epi.org.mk ; www.epi.org.mk

Академијата во соработка со данската Канцеларија за патенти и трговски марки, организираше три дводневни советувања на тема „Кривично-правна, Граѓанско-правна и управно - судска заштита на правата од интелектуална сопственост“. Најновите случувања од областа ги презентираа судии во врховните судови на Латвија, Романија, Италија и Данска, како и судии на специјализирани судски одделенија, јавни обвинители, истражители и експерти од данската Канцеларија за патенти и трговски марки и Трговскиот суд. Советувањата беа наменети за судиите и јавните обвинители од апелационите подрачја Скопје и Гостивар како и судии од Вишиот управен суд и Управниот суд, претставници на Државниот завод за индустриска сопственост, вештаци, адвокати, застапници за правата од индустриска сопственост и претставници на други релевантни институции.

Во пресрет на закажаните избори, а во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Академијата организираше советување за измените во Изборниот законик за судии од Вишиот управен суд и Управниот суд, претставници на Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување корупција, Државниот завод за ревизија, како и претставници од граѓанската асоцијација МОСТ.

На 16.11.2016 година Академијата, во соработка со ОБСЕ, одржа регионална конференција насловена како „Намалување на користење на интернетот за терористички цели“ на која учество зедоа седумдесетина судии, јавни обвинители и истражители од 12 држави од Југоисточна Европа.

Кодексот на судска етика за судии во Македонија беше презентиран во Скопје во организацијата на Академијата за судии и јавни обвинители и Здружението на судиите на Република Македонија.[2] Целна група на презентацијата беа судии и јавни обвинители од апелационите подрачја Битола, Гостивар, Скопје и Штип, претставници на Адвокатска комора на РМ, Нотарска комора на РМ, Комора на извршители на РМ и невладини организации.

Академијата организираше советување на тема „Управување со човечки ресурси“, кое се одржа на 22 ноември 2016. Советувањето беше наменето за судските администратори од сите судови во Република Македонија.

На 24 ноември 2016 година Академијата организираше дводневната регионална конференција „Зајакнување на соработката помеѓу правосудните институции од земјите во Западен Балкан”, со цел размена на искуства и подобрување на ефикасноста и квалитетот на обуките. На конференцијата учествуваат осум директори на правосудни академии од Југоисточна Европа и Турција, претставници од

[2] Етичкиот кодекс на судиите во Македонија е донесен во 2014-та година и предвидува советодавно тело во согласност до препораките од ГРЕКО од 4-тиот круг на оценка кој бара да се формира советодавно тело кое ќе ги советува судиите во случај кога имаат етички дилеми. Овој етички комитет не утврдува никаква дисциплинска одговорност, туку дава насоки или препораки кои што можат да им помогнат на судиите во работата и во донесувањето на одлуките. Види: http://www.akademik.mk/wp-content/uploads/2015/04/KodeksNaSudskaEtika13102014.pdf

Академијата за европско право (ЕРА) и ХЕЛП програмата при Совет на Европа и генералниот секретар на Европската мрежа за правосудна обука (EJTH).

Во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а во насока на продолжување на спроведувањето на обуките за примена на ЗКП, Академијата за судии и јавни обвинители одржа обука на тема „Улогата на судијата/Судиска етика и непристрасност“.

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со Министерството за правда, а во рамките на Твининг проектот на Латвија и Хрватска на 28 и 29 ноември 2016 година организираше две еднодневни обуки за судии, судски советници, обвинители и адвокати за примената на член 10 од Европската конвенција за човекови права и судската пракса на ЕСЧП.

## Мониторинг на судски постапки[3]

Во текот на месец ноември главната расправа по предметот со КОК бр.60/16 во јавноста познат како „Пуч“, на ден 01.11.2016 година беше одложена откако претседателот на судечкиот совет, пред присутните констатира дека еден од судиите – поротници, по неговото лично барање бил разрешен од советот, по што назначен беше нов судија - поротник, како и дополнителен судија - поротник, за кои и покрај барањата и ургенциите за итност, испратени од претседателот на судот, сѐ уште не се доставени безбедносни сертификати за постапување и увид во класифицирани информации и податоци, кои се неопходни за новоназначените судии – поротници да постапуваат по конкретниот предмет.[4]

Судечкиот судија кај кого беше распореден обвинителниот предлог на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите (СЈО) против 7 лица осомничени за кривичното дело „Фалсификување на службена исправа“закажа рочиште за 28.11.2016 година. Инаку, веднаш по поднесување на обвинителниот предлог, СЈО поднесе и барање за изземање на надлежниот судија, кое барање во законски утврдениот рок беше одбиено од претседателот на судот, по што СЈО поднесе и жалба до Апелациониот суд Скопје, со што судот одби да го изземе судијата. Така, по отстранување на сите претпоставки за закажување на рочиште, истото е закажано на горенаведениот датум.[5]

Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 – Скопје, постапувајќи по жалба на СЈО изјавена против решение на судија на претходна постапка од 28.10.2016 година во предметот на СЈО познат како „Тендери“, донесе решение со кое жалбата на обвинителството се одбива, а се потврдува решението на судија на претходна постапка.[6]

---

[3] Од редовниот мониторинг на судски постапки на Коалицијата Сите за правично судење
[4] 01.11.2016 СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ, http://osskopje1.mk/Novosti.aspx
[5] 04.11.2016 СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ, http://osskopje1.mk/Novosti.aspx
[6] 07.11.2016 СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ, http://osskopje1.mk/Novosti.aspx

Расправата за предметот К.бр 1904/16 во врска со настаните пред Општина Центар, за кој главната расправа е закажана за 21.11.2016 година се одложи поради отсуство на бранителот на М.Ј Никола Додевски.[7]

Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 - Скопје постапувајќи по жалбата на СЈО против решението на судија на претходна постапка од 04.11.2016 година за определување на мерки за претпазливост против три лица опфатени во предметот познат во јавноста како „Трезор"донесе решение со кое решението на судијата на претходната постапка се потврдува и жалбата на СЈО за определување мерки на претпазливост за сите три лица се одбива како неоснована.[8]

## Судски совет на РМ

Судскиот совет на Република Македонија на ден 23.11.2016 година ги разгледа и ги усвои извештаите за работа на судовите во Република Македонија за третиот квартал за 2016 година. Донесе одлука да се изврши вонредно оценување на кандидатите за претседатели на судови. Беа разгледани повеќе извештаи, а беше донесена и одлука за времено упатување (6 месеци) на судија од еден основен во друг основен суд. Се задолжи надлежната Комисија да да преземе дејствија и да изврши извиди во врска со состојбите во Основниот суд Скопје 1 Скопје и да изготви извештај.[9] Постапувајќи по задолжението, Комисијата ги повика судиите потписници на доставеното известување од 11.11.2016 година на средба во просториите на Судскиот совет на ден 28.11.2016 година (понеделник).[10]

Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија на ден 03.11.2016 година оствари средба со амбасадорот на Велика Британија Н.Е. Чарлс Гарет на која се дискутираше за реформите во правосудниот систем и степенот на нивната реализација.[11]

На 01 и 02 ноември 2016 година, делегација на Судскиот совет на РМ, заедно со претставници на судовите и јавното обвинителство, учествуваше на Регионална конференција во Букурешт, Романија на тема „Превенција и борба против корупцијата во судството и јавното обвинителство во југоисточна Европа". [12]

Во периодот од 16 до 18 ноември 2016 година, во Будва - Црна Гора во организација на Министерството за надворешни работи на Норвешка и Норвешката судска администрација се одржа уште една II - Регионална Конференција на тема „Подобрување на квота ситемот и евалуација на работата на судиите". На конференцијата зедоа учество преставници од Судскиот совет на Република

[7] 17.11.2016 СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ, http://osskopje1.mk/Novosti.aspx
[8] 22.11.2016 СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ, http://osskopje1.mk/Novosti.aspx
[9] Соопштение од 239-та седница од 23.11.2016 година, http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=476
[10] Соопштение во врска со состојбата во Основниот суд Скопје 1 Скопје, http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=477
[11] 07.11.2016 Соопштение, http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=468
[12] 11.11.2016 Соопштение, http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=470

Македонија, како и преставници на Судските совети во регионот Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија и Црна Гора.[13]

По повод изјавите на претседателот на Врховен суд на Република Македонија Лидија Неделкова во емисијата „360 степени“ на ТВ Алсат-М од 11.11.2016 година, Судскиот совет на Република Македонија, издаде соопштение каде категорично ги отфрли како невистинити наводите на Неделкова, која изјави дека како член на Судскиот совет на Република Македонија по функција, не била уредно поканувана на закажаните седници и дека седниците намерно биле закажувани во денови кога таа се наоѓала на патувања надвор од Република Македонија.[14]

На ден 15.11.2016 година во просториите на Судскиот совет на РМ се одржа презентација и тркалезна маса на тема: „Како да се претворат податоците во применливо и делотворно знаење“. По однос на движењето на предметите во 2013, 2014 и 2015 година од страна на експертот Хоџиќ е изготвен извештај по индикаторите „стапка на решавање на предметите и време на решавање на предметите“ каде се констатира дека на ниво на сите судови во Република Македонија се забележува напредок во смисла на намалување на потребните денови за решавање на еден предмет, како и на зголемување на стапката на решените предмети, односно совладување на приливот на новите предмети и намалување на заостатокот на нерешените предмети, во услови на постојано намалување на бројот на судиите.

## Подобрување на судската соработка во слободен пристап до информации, спроведување прекугранични и прекугранична постапка во стечај, преземања и спојувања

На 28 ноември 2016 година се одржа дискусијата за јавните политики за судската соработка за слободен пристап до информации, прекугранично извршување и прекугранични постапки за течај, преземање и спојување. Беше подетално разработено остварувањето на меѓународната правна помош и проблемите кои се јавуваат, а беа истакнати и компаративните искуства. Воедно, бројни прашања околу стечајот беа разгледани и така, беа идентификувани повеќе слабости и недостатоци во законодавството и во праксата. Прекуграничното извршување беше продискутирано, како и улогата на бројните комори и професионални здруженија.Како резултат на дискусијата произлегоа повеќе издржани препораки.

[13] 21.11.2016 Соопштение, http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=475
[14] 15.11.2016 Соопштение, http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=472

# Поддршка на АРС: Воведување или подобрување на законската рамка за АРС и овозможување на соодветна правна и институционална соработка со судскиот систем и системот за спроведување- Медијација

Од аспект на промовирањето на медијацијата како начин за АРС надвор од судската постапка, во организација на Асоцијацијата за поддршка на медијацијата при Стопанската Комора на РМ, одржани се неколку еднодневни бесплатни семинари во Велес, Гевгелија, Куманово, Тетово и Струмица на тема „Медијацијата како ефикасен начин на решавање на споровите“. Учесници на семинарите беа, пред сè, лица од бизнис секторот, од судовите, адвокати и претставници на државните институции.

Во ноемвриската испитна сесија за полагање на испит за медијатори во Минситерството за правда од првично заинтересираните и пријавени 21 кандидати кои се пријавија за полагање, само 9 всушност ги поминаа успешно првиот дел (испитни прашања) и вториот дел (студии на случаи) на испитот.  Третиот дел од испитот (интервју) се уште не е одржан. Постапката на медијација се уште активно ја спроведуваат само деветте лиценцирани медијатори.

Во текот на ноември се оспособени три канцеларии за потребите за медијација во основните судови во Кавадарци, Виница и Скопје 2 во Скопје, а судовите се уште ја имаат обврската да ја објават листата на лиценцираните медијатори на огласната табла на судовите.

## Мирно решавање на работни спорови

Во месец ноември забележано е зголемувањето на бројот на лица кои што се интересираат за решавање на работни спорни односи во МТСП, но не пријавуваат ниту индивидуален, ниту колективен спор. Асоцијацијата на помирувачи и арбитри во работни односи во Република Македонија (АПАРС) регистрираше домен www.apars.mk, а се изврши и пополнување на оваа веб страна со преглед на целите на АПАРС, основни информации за работните спорови, како и информации од активностите на АПАРС во тековниот период.  Исто така, во тек се активности со цел издавање на печатена книга на апстракти и зборник на трудови од конференцијата на помирувачи и арбитри во работни спорови што се одржа во октомври 2016 година во Охрид. [15]

[15] Асоцијација на помирувачи и арбитри во работни спорови во Република Македонија